# Општи услови за користење на електронските медиуми за комуникација

## 1 Барање за е-фактура

1.1 Урбан Солитер може да го одбие барањето за е-фактура или да го прекине веќе одобреното барање, ако утврди, дека барателот постапил спротивно на општите услови за користење на електронските медиуми за комуникација што ги пропишал давателот на услугата:

- Ако барателот не ги достави, сите податоци кои се наведени во барањето или ако не ги достави, потребните документи со кои се потврдува веродостојноста на податоците,
- Ако постои сомнеж во веродостојноста на доставените податоци,
- Ако постои сомнеж за злоупотреба на услугата или се утврди злоупотреба на услугата,
- Ако против барателот има судска постапка, присилна наплата, стечај , ликвидација или било која друга слична постапка, од која произлегува, дека барателот има проблеми со функционирањето и исполнувањето на задолженијата,

1.2 Барателот е должен, одма да ги пријави настанатите промени на податоците ( на пример: промена на сопственоста, промена на адресата на постојано живеење, промена на е-маил адресата и другите податоци кој се наведени во барањето) , кои имат влијание при одобрување на барањето или имаат влијание на важноста на барањето. Ако барателот настанатите промени не ги пријави , Урбан Солитер може да ја прекине услугата. Сите финансиски последици, настанати заради не навременото јавување на промените, го оптоваруваат самиот барател, односно неговиот правен наследник.

1.3 При промена на битни податоците на барателот и/или статусни промени на барателот, Урабан Солитер може да бара да се поднесе ново барање.

1.4 Ако промената на податоците не се достават до Урбан Солитер, испратените фактури и другите известувања испратени на електронската

адреса на барателот, која ја пријавил во барањето, се сметаат за уредно доставени.

1.5 Барателот мора да има над својата е-маил адреса постојан надзор и е одговорен за сите последици и штети , кои би настанале заради употреба или злоупотреба од страна на неовластено трето лице.

**2 Собирање и чување на податоците**

2.1 Урбан Солитер при своето работење обработува податоци кои му ги посредува барателот и за таква обработка на податоците барателот дава своја согласност со својот потпис.

2.2 Урбан Солитер податоците од барателот ќе ги чува и обработува во склад со Законот за заштита на лични податоци.

2.3 Урбан Солитер од барателот ги собира следните податоци:

- Име и презиме за физички субјекти / име и организациски облик за правни субјекти,
- Адреса на постојано живеалиште за физички субјекти / адреса на правниот субјект,
- Датум на раѓање за физички субјекти / даночен број за правни субјекти,
- Име и презиме на лице за контакт за правни субјекти,
- Телефонски број за контакт,
- Електронска адреса ,

2.4 Урбан Солитер заради проверка на точноста на посредуваните податоци може да побара поглед во јавна исправа на барателот.

2.5 Урбан Солитер заради проверка на точноста посредуваните податоци има право да изврши проверка на податоците во установи во кои се чуваат тие податоци.